XIX. ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ ЗА НАПЛАТА НА ГАРАНЦИИТЕ

Член 33

Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција во висина од _10%_ проценти, со која се обврзува дека навренемо, квалитетно и според условите од договорот ќе ја изврши испораката на стоката која е предмет на овој договор.

Договорниот орган ќе ја врати банкарска гаранција од став 1 на овој член на Носителот на набавката, во рок од 14 дена, по истекот на гарантниот период.

XX. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

Член 34

Кога Носителот на набавката, му предал на Договорниот орган гарантен лист со кој производителот го гарантира исправното функционирање на стоката во текот на определено време, сметајќи од неговото предавање на Договорниот орган, Договорниот орган може, ако стоката не функционира исправно да бара како од Носителот на набавката, така и од производителот, да ја поправи стоката во разумен рок од 2 дена или ако тоа не го стори, да му предаде стокакоја функционира исправно.

Член 35

Договорниот орган може поради неисправното функционирање да бара од Носителот на набавката, односно од производителот поправка или замена на стоката во текот на гарантниот рок, без оглед на тоа кога се појавил недостатокот во функционирањето.

Тој има право на надомест на штетата што ја претрпел поради тоа што бил лишен од употребата на стоката од моментот на барањето поправка или замена до нивното извршување.

Член 36

Во случај на помала поправка, гарантниот рок се продолжува онолку колку што Договорниот орган бил лишен од употребата на стоката.

Меѓутоа, кога поради неисправното функционирање е извршена замена на стоката, или нејзина суштествена поправка, гарантниот рок почнува повторно да тече од замената, односно од враќањето на поправената стока/и.

Ако е заменет или суштествено поправен само некој дел од стоката, гарантниот рок почнува повторно да тече само за тој дел.

Член 37

Ако Носителот на набавката не изврши во разумен рок од 48 часа поправка или замена на стоката, Договорниот орган може да го раскине договорот или да ја намали цената и да бара надомест на штетата.

Член 38

Носителот на набавката, односно производителот е должен на своја сметка да ја пренесе стоката до местото каде што треба да се поправи, односно да се замени, како и поправената, односно заменетата стокада му ја врати назад на Договорниот орган.

За тоа време Носителот на набавката, односно производителот го поднесува ризикот за пропаѓање или оштетување на стоката.

Член 39

Кога во изработката на одделни делови од стоката или во извршувањето на одделни дејствија учествувале повеќе самостојни производители, нивната одговорност спрема финалниот производител за неисправното функционирање на стоката кое потекнува од тие делови или од тие дејствија престанува кога ќе престане одговорноста на финалниот производител спрема Договорниот орган кој ја набавува стоката.

Член 40

Правата на Договорниот орган спрема производителот врз основа на гарантниот лист се гаснат по истекот на две години или 100.000 км, сметајќи од денот кога барал од него поправка или замена на стоката.

XXI. СЕРВИСИРАЊЕ

Член 41

Во гарантниот период без надоместок се врши корективно одржување на стоката со потребните резервни делови и сервисни услуги.

Член 42

Носителот на набавката се обврзува дека во гарантниот период ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци на испорачаната стокакои настанале при нејзино нормално кориетење.

Резервните делови за стоката ги обезбедува Носителот на набавката.

Член 43

Редовното сервисирање се врши согласно производната динамика и сервисната динамика предвидена во гарантниот рокод производителот на стоката, и тоа на местото на користење, односно, кај Договорниот орган

Носителот на набавката се обврзува да обезбеди сервис на целата територија на Република Македонија.

Член 44

Со поправката на дефектот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 48 часа од приемот на пријавата за дефект.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на писмена пријава доставена од страна на Договорниот орган.

Во случај Договорниот орган да бара итна интервенција писмената пријава се доставува дополнително.

Член 45

Поправката на дефектите ќе се врши во сервисот на Носителот на набавката.

Евентуално заменетите делови стануваат сопственост на Носителот на набавката.

XXII. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

Член 46

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката што тој ги имал во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

Член 47

Недостаток постои:

1) ако стоката ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба или за промет;

2) ако стоката ги нема потребните својства за особената употреба за која ја набавува Договорниот орган, а која му била позната на Носителот на набавката или морала да му биде позната;

3) ако стоката ги нема својствата и одликите што се изречно или премолчно договорени, односно пропишани, и

4) кога Носителот на набавката предал стокакоја не е соодветна на мострата или на моделот освен ако мострата или моделот се покажани само заради известување.

Член 48

Носителот на набавката не одговара за недостатоците од член 49 на овој Договор, ако во моментот на склучувањето на договорот му биле познати на Договорниот орган или не можеле да му останат непознати.

Се смета дека на Договорниот орган не можеле да му останат непознати оние недостатоци што грижливо лице со просечно знаење и искуство на лице со исто занимање и струка како Договорниот орган би можело лесно да ги забележи при вообичаениот преглед на предметот.

Носителот на набавката одговара и за недостатоците што Договорниот орган можел лесно да ги забележи ако изјавил дека стоката нема никакви недостатоци или дека стоката има определени својства или одлики.

Член 49

Договорниот орган е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, а кај трговските договори без одлагање, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, Договорниот орган е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на Носителот на набавката веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Ако Договорниот орган ја експедирал стоката натаму без претовар, а на Носителот на набавката при склучувањето на договорот му била позната или морала да му биде позната можноста за такво натамошно експедирање, прегледот на стоката може да биде одложен до нејзиното пристигнување во новото место на определување и во тој случај Договорниот орган е должен да го извести Носителот на набавката за недостатоците штом, според редовниот тек на работите, можел за нив да узнае.

Член 50

Кога по приемот на стоката од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, а кај трговски договор без одлагање.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката, освен кога со договорот е определен подолг рок.

Член 51

Кога поради некој недостаток дошло до поправка на стоката, испорака на друга стока/и, замена на делови и слично, роковите од член 59 и 60 на овој Договор почнуваат да

течат од предавањето на поправената стока/и, предавањето на друга стока/и, извршената замена на делови и слично.

Член 52

Во известувањето за недостатокот на стоката Договорниот орган е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика Носителот на набавката да ја прегледа стоката.

Ако известувањето за недостатокот кое Договорниот орган навремено го испратил до Носителот на набавката со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до Носителот на набавката, се смета дека Договорниот орган ја извршил својата обврска да го извести Носителот на набавката.

Член 53

Договорниот орган не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести Носителот на набавката за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се покажал дури по истекот на шест месеци од предавањето на стоката, ако тој недостаток му бил познат на Носителот на набавката или не можел да му остане непознат.

Член 54

Одредбата од договорот за ограничување или исклучување на одговорноста за недостатоците на стоката е ништова, ако недостатокот му бил познат на Носителот на набавката, а тој за него не го известил Договорниот орган, како и тогаш кога Носителот на набавката ја наметнал таа одредба користејќи ја својата посебна монополска положба.

Договорниот орган кој се откажал од правото да го раскине договорот поради недостатоци на стоката ги задржува другите права поради тие недостатоци.

Член 55

Договорниот орган кој навремено и уредно го известил Носителот на набавката за недостатокот може:

1) да бара од Носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде друа стокабез недостаток (исполнување на договорот);

2) да бара намалување на цената и

3) да изјави дека го раскинува договорот.

Во секој од овие случаи Договорниот орган има право и на надомест на штетата.

Покрај тоа и независно од тоа, Носителот на набавката му одговара на Договорниот орган и за штетата што овој поради недостаток на стоката ја претрпел на другите свои добра и тоа според општите правила за одговорноста за штета.

Член 56

Ако Договорниот орган не го добие бараното исполнување на договорот во разумен рок од 3 дена, тој го задржува правото да го раскине договорот или да ја намали цената.

Член 57

Договорниот орган може да го раскине договорот само ако претходно му оставил на Носителот на набавката дополнителен примерен рок од 5 дена за исполнување на договорот.

Договорниот орган може да го раскине договорот и без оставање на дополнителен рок ако Носителот на набавката, по известувањето за недостатоците, му соопштил дека нема да го исполни договорот, или ако од околностите на конкретниот случај очигледно произлегува дека Носителот на набавката не ќе може да го исполни договорот ни во дополнителниот рок.

Член 58

Ако Носителот на набавката во дополнителниот рок не го исполни договорот, тој се раскинува според самиот закон, но Договорниот орган може да го одржи ако без одлагање му изјави на Носителот на набавката дека договорот го одржува во сила.

Член 59

Кога само дел од предадената стокаима недостатоци, или кога е предаден само дел од предметот, односно помало количество од договореното, Договорниот орган може да го раскине договорот во смисла на претходните членови само во поглед на делот што има недостатоци, или само во поглед на делот или количеството што недостига.

Договорниот орган може да го раскине целиот договор само ако договореното количество или предадената стока сочинува целина, или ако Договорниот орган инаку има оправдан интерес да ја прими договорената стока или количество во целост.

Член 60

Кога предмет на договорот се повеќе стоки, па само некои од нив имаат недостатоци, Договорниот орган може да го раскине договорот само во поглед на тие стоки, а не и на другите.

Меѓутоа, ако тие сочинуваат една целина така што нивното раздвојување би било штетно, Договорниот орган може да го раскине целиот договор, или ако тој сепак изјави дека го раскинува договорот само во поглед на предметите со недостаток, Носителот на набавката од своја страна може да го раскине договорот и во поглед на другите предмети.

Член 61

Договорниот орган го губи правото да го раскине договорот поради недостаток на стоката кога му е невозможно да ја врати стоката или да ја врати во состојбата во која ја примил.

Сепак Договорниот орган може да го раскине договорот поради некој недостаток на стоката ако стоката наполно или делумно пропаднала или е оштетена поради недостатокот што го оправдува раскинувањето на договорот, или поради некој настан што не потекнува од него ниту од некое лице за кое одговара тој.

Истото важи ако стоката наполно или делумно пропаднала, или е оштетена поради обврската на Договорниот орган да ја прегледа стоката, или ако Договорниот орган пред да се открие недостатокот потрошил или изменил еден дел од стоката во текот на неговата редовна употреба, како и ако оштетувањето или измената се без значење.

Член 62

Договорниот орган кој поради невозможност да ја врати стоката или да ја врати во состојбата во која ја примил го загубил правото да го раскине договорот, ги задржува другите права што му ги дава законот поради постоењето на некој недостаток.

Член 63

Раскинувањето на договорот поради недостаток на стоката произведува исти дејства како и раскинувањето на двостраните договори поради неисполнување.

Договорниот орган му должи на Носителот на набавката надомест за користа од стоката и кога му е невозможно да го врати целиот или еден негов дел, а договорот е сепак раскинат.

Член 64

Намалувањето на цената се врши според сразмерот меѓу вредноста на стоката без недостаток и вредноста на стоката со недостаток во време на склучувањето на договорот.

Член 65

Договорниот орган кој постигнал намалување на цената поради постоењето на некој недостаток, може да го раскине договорот или да бара ново намалување на цената ако дополнително се открие некој друг недостаток.

Член 66

Правата на Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток се гаснат по истекот на една година, сметајќи од денот кога е испратено известувањето до Носителот на набавката, освен ако со измама на Носителот на набавката Договорниот орган бил спречен да ги употреби.

Меѓутоа, Договорниот орган кој навремено го известил Носителот на набавката за постоењето на недостаток може, по истекот на овој рок, ако уште не ја исплатил цената, да го истакне своето барање цената да се намали или да му се надомести штетата како приговор против барањето на Носителот на набавката да му се исплати цената.

XXIII. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 67

Договорните страни се должни да ги исполанат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок за исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

Член 68

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 69

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој таа инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

Член 70

Одговорноста на договорната страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично невнимание, ако таквата спогодба произлегла од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

Член 71

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да и бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата договорна страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка во разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

Член 72

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

XXIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член73

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред надлежниот суд.

XXIV. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 74

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 75

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, ќе и остави примерен дополнителен рок од 5 дена за исполнување на обврската.

Ако договорните страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна, може да го раскине договорот.

Член 76

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката, дополнителен рок за исполнување ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 77

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

Член 78

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

Член 79

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 80

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

Член 81

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изречe раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Член 82

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила

одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

XV. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 83

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 84

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 85

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Член 86

Составен дел на овој договор се тендерската документација, целосно доставената понуда од носителот на набавката, дополнителни услуги за сервисирање доставени од носителот на набавката и прегледот на трошоци за периодично одржување на возилото OCTAVIA 1.6 TDI.

Договорен орган
Агенција за промоција
и поддршка на туризмот,
Директор
Љупчо Јаневски

Носител на набавката
ЈОСИФОВ ДООЕЛ

Пеце Стојановски

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 05-408/2
13.07.2020 год./vit
Скопје / Shkup

Влада на Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

Врз основа на **член 77** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно планот за јавни набавки за 2020 година бр. 02-835/3 од 19.12.2019 година, измена и дополнување 05-124/1 од 10.02.2020 година и измена и дополнување 02-342/11 од 03.06.2020 година директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Скопје Република Северна Македонија, Љупчо Јаневски ја донесе следната:

О Д Л У К А
за јавна набавка

1.За потребите на Агенција на промоција и поддршка на туризмот Скопје, потребно е да се спроведе поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуга и тоа: **Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk**

НЕДЕЛЛИВА НАБАВКА			
Реден број	**Опис**	**Мерка**	**Количина**
1	**Превентивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmaedonia.gov.mk (согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12
2	**Адаптивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmacedonia.gov.mk (согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12
3	**Хостирање на macedonia-timeless.com (согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12
4	**Хостирање на tourismmacedonia.gov.mk (согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од 127.119,00 (стодваесетиседумилјадистоидеветнаесет) денари** без вклучен ДДВ, односно **150.000,00 (стоипедесетилјади)** денари со пресметан износ на ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа набавка се обезбедени во буџетот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот Скопје во Република Северна Македонија за 2020 година, раздел 10003, Програма 20 ставка 424 – 100036134463718 буџетска сметка – Агенција за промоција и поддршка на туризмот Скопје во Република Северна Македонија.

3. Начин и постапка за доделување на договор за јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 49** од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), со поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги со

5. Рок на плаќање: 60 дена од доставување на фактурата.

5. Рок на плаќање: 60 дена од доставување на фактурата.

6. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

   - **Сара Трајковска Костовски–претседател на комисија за јавни набавки**
   - **Јасмина Лескаровска -заменик претседател на комисија**
   - ***Славчо Јосифовски –член на комисија за јавни набавки***
   - **Маја Глигоровска –член на комисија за јавни набавки**
   - **Димитар Кастратовиќ –заменик член на комисија за јавни набавки**
   - **Ивана Димовска –заменик член на комисија за јавни набавки**

7. Се задолжува комисијата од точка 6 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
8. За спроведување на оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка по потреба ќе се ангажираат надворешни стручни лица при спроведување на постапката.
9. Лице задолжено за реализација на договорот: **Мевлудин Сулејмани**
10. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.
11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на планот за јавни набавки за 2020 година бр. 02-835/3 од 19.12.2019 година, измена и дополнување 05-124/1 од 10.02.2020 година измена и дополнување 02-342/11 од 03.06.2020 година, Агенција на промоција и поддршка на туризмот Скопје има потреба од спроведување постапка за доделување на договор за јавна набавка со предмет на набавка **Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk**

Согласно горенаведеното донесена е одлука како во диспозитивот.

Изработил: Јасмина Бојковска

Директор,

Ѓупчо Јаневски

објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, **која завршува со електронска аукција како последна фаза**.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на цената.**

5. Рок на плаќање: 60 дена од доставување на фактурата.

6. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:

   - **Сара Трајковска Костовски–претседател на комисија за јавни набавки**
   - **Јасмина Лескаровска -заменик претседател на комисија**
   - **Славчо Јосифовски –член на комисија за јавни набавки**
   - **Маја Глигоровска –член на комисија за јавни набавки**
   - **Димитар Кастратовиќ –заменик член на комисија за јавни набавки**
   - **Ивана Димовска –заменик член на комисија за јавни набавки**

7. Се задолжува комисијата од точка 6 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
8. За спроведување на оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка по потреба ќе се ангажираат надворешни стручни лица при спроведување на постапката.
9. Лице задолжено за реализација на договорот: **Мевлудин Сулејмани**
10. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.
11. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на планот за јавни набавки за 2020 година бр. 02-835/3 од 19.12.2019 година, измена и дополнување 05-124/1 од 10.02.2020 година измена и дополнување 02-342/11 од 03.06.2020 година, Агенција на промоција и поддршка на туризмот Скопје има потреба од спроведување постапка за доделување на договор за јавна набавка со предмет на набавка **Хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk**

Согласно горенаведеното донесена е одлука како во диспозитивот.

Изработил: Јасмина Бојковска

Директор,

Љупчо Јаневски

ИНФОРМАЦИСКИ ИНЖЕНЕРИНГ

СИМТ ДООЕЛ Скопје
Бул. Партизански одреди бр. 149, мезанин 2
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2 3069 591
ЕДБ: МК4030994230370
Депонент на: Комерцијална банка
Жиро-сметка: 300000000180844

Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Примено: Epranuar:	20.07.2020		
Орг. един: Nj. org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlera:
05	408	6	

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на поканата за поднесување на понуди бр. 10199/2020 за доделување на договор за јавна набавка на услуга: редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk, во поедноставена отворена постапка со објавување на оглас која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со ЕА и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот : **СИМТ ДООЕЛ Скопје**.

I.2. Контакт информации:

- Адреса: **Бул. Паратизански одреди бр. 149, мезанин 2, Скопје**

- Телефон: **02 3069 591**

- Факс: /

- Е-пошта: **zorica.janevska@simt.com.mk, simt@simt.com.mk**

- Лице за контакт: **Зорица Јаневска**

I.3. Одговорно лице: **Славчо Деловски**

I.4. Даночен број: **МК4030994230370**

I.5. Матичен број (ЕМБС): **4873882**

Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

НЕДЕЛИВА НАБАВКА						
Реден број	**Назив**	**Мерка**	**Количина**	**Един.цена без ДДВ**	**ДДВ на единечна цена**	**Вкупно без ДДВ**
1	**Превентивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmaedonia.gov.mk (согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12	60.000,00	10.800,00	720.000,00
2	**Адаптивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmacedonia.gov.mk(согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12	60.000,00	3.000,00	720.000,00
3	**Хостирање на macedonia-timeless.com(согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12	18.000,00	3.240,00	216.000,00
4	**Хостирање на tourismmacedonia.gov.mk(согласно барањата од техничката спецификација)**	Месечен паушал	12	18.000,00	3.240,00	216.000,00
					Вкупна вредност	**1.872.000,00**
					Вкупен ДДВ	**243.360,00**
					СеВкупно	**2.115.360,00**

Дел III - Финансиска понуда :

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

- со бројки (1.872.000,00) ден.

- со букви (еденмилионосумстотиниседумдесетидвеилјадиденари) ден.

- вкупниот износ на ДДВ изнесува (243.360,00) ден.

III.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје, 28.07.2020 година

Одговорно лице
Славчо Деловски
(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 2 – Изјава за утврдување на критериуми за способност

Врз основа на Член 49 став 3 од Законот за јавни набавки, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека: **СИМТ ДООЕЛ Скопје** во својство на понудувач во поедноставената отворена постпка број **10199/2020** за набавка на: **редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk**

во целост ги исполнува условите за утврдување способност односно:

- не постојат причини за наше исклучување од постапката;
- ги исполнуваме условите за квалитативен избор.

Доколку нашата понуда биде оценета за најповолна, пред донесувањето на одлуката за избор и на барање на договорниот орган, ќе ги доставиме бараните документите за утврдување способност, наведени во тендерската документација.

Место и датум	Одговорно лице
Скопје, 28.07.2020 година	Славчо Деловски (потпис) *

Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот **Славчо Деловски** врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот **СИМТ ДООЕЛ Скопје** изјавувам дека нема да ги преземам дејствијата од став 6 на член 101 од Законот за јавните набавки во постапката која се спроведува по огласот за доделување на договор за јавна набавка број **10199/2020** за набавка на **редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk**, објавен од страна на Агенција за промоција и поддршка на туризмот – Скопје и дека понудата е правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Место и датум	Одговорно лице*
Скопје, 28.07.2020 година	Славчо Деловски
	(потпис)

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Slavcho Delovski Digitally signed by Slavcho Delovski
Date: 2020.02.14 15:35:01 +01'00'

Број: 0809-50/150120200005224
Датум и време: 6.2.2020 г. 10:03:53

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	4873882
Назив:	Друштво за производство,инженеринг,трговија и услуги СИМТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ бр.149-мез.2/ СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	62.01 - Компјутерско програмирање
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut

Примено: Epranuar:	28. 07. 2020		
Орг. един: Nj. org.	Број: Numër:	Прилог: Shtojcë:	Вредност: Vlera:
05	408	5	

Прилог 1 – Образец на понуда

[меморандум на понудувачот]

Друштво за компјутерски и интелектуални услуги
ТЕРАНЕТ СОЛУЦИИ дооел Скопје
ул. Пиринска бр. 45-1/1 ; 1101 Скопје-Центар
тел: 070 599 594 ; e-mail: mail@teranetsolutions.c
ЕМБС: 6398286 ; ЕДБ: МК4030008042048
НЛБ Тутунска банка АД Скопје: **210-063982860**

Врз основа на поканата за поднесување на понуди бр. **10199/2020** за доделување на договор за јавна набавка на услуга: **Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и држување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk** во поедноставена отворена постапка со објавување на оглас која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со ЕА и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот :

Друштво за компјутерски и интелектуални услуги **ТЕРАНЕТ СОЛУЦИИ** ДООЕЛ-Скопје.....

I.2. Контакт информации:

- Адреса: Пиринска 45-1/1, 1101 Скопје-Центар.....

- Телефон: .....075-599-594.....

- Факс: .....

- Е-пошта: .....mail@teranetsolutions.com.....

- Лице за контакт: .....Кети Јоанидис Шекеринова.....

I.3. Одговорно лице: .....Кети Јоанидис Шекеринова.....

I.4. Даночен број: .....4030008042048.....

I.5. Матичен број (ЕМБС): ....6398286.....

Дел II – Техничка и финансиска понуда

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

НЕДЕЛИВА НАБАВКА						
Реден број	Назив	Мерка	Количина	Един.цена без ДДВ	ДДВ на единечна цена	Вкупно без ДДВ
1	Превентивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmaedonia.gov.mk (согласно барањата од техничката спецификација)	Месечен паушал	12	2.250,00 ден	405,00 ден	27.000,00 ден
2	Адаптивно одржување и поддршка на порталите macedonia-timeless.com; tourismmacedonia.gov.mk(согласно барањата од техничката спецификација)	Месечен паушал	12	5.000,00 ден	900,00 ден	60.000,00 ден
3	Хостирање на macedonia-timeless.com(согласно барањата од техничката спецификација)	Месечен паушал	12	2.625,00 ден	472,50 ден	31.500,00 ден
4	Хостирање на tourismmacedonia.gov.mk(согласно барањата од техничката спецификација)	Месечен паушал	12	2.625,00 ден	472,50 ден	31.500,00 ден
					Вкупна вредност	150.000,00 ден
					Вкупен ДДВ	27.000,00 ден
					СеВкупно	177.000,00 ден

Дел III - Финансиска понуда :

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

- со бројки (.....**150.000,00**.....) ден.

- со букви (.....**стопедесетилјадиденари**.....) ден.

- вкупниот износ на ДДВ изнесува (.....**27.000,00**.....) ден.

III.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Keti Joanidis Shekerinova

Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova
Date: 2020.07.15 12:26:03 +02'00'

Место и датум
Скопје,15.07.2020

Одговорно лице
Кети Јоанидис Шекеринова
(потпис) *

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено

Прилог 2 – Изјава за утврдување на критериуми за способност

Врз основа на Член 49 став 3 од Законот за јавни набавки, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

Друштво за компјутерски и интелектуални услуги **ТЕРАНЕТ СОЛУЦИИ** ДООЕЛ - Скопје _____ во својство на

[се наведува назив на понудувачот]

понудувач во поедноставената отворена постпка број **10199/2020**за набавка на: **Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и држување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk** _____

[се наведувапредметот на набавка]

во целост ги исполнува условите за утврдување способност односно:

- не постојат причини за наше исклучување од постапката;
- ги исполнуваме условите за квалитативен избор.

Доколку нашата понуда биде оценета за најповолна, пред донесувањето на одлуката за избор и на барање на договорниот орган, ќе ги доставиме бараните документите за утврдување способност, наведени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје, 15.07.2020

Одговорно лице
Кети Јоанидис Шекеринова
(потпис) *

Keti Joanidis Shekerinova

Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova
Date: 2020.07.15 12:26:30 +02'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот **Кети Јоанидис Шекеринова** [име и презиме] врз основа на член 101 став 4 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот Друштво за компјутерски и интелектуални услуги **ТЕРАНЕТ СОЛУЦИИ** ДООЕЛ-Скопје изјавувам дека нема да ги преземам дејствијата од став 6 на член 101 од Законот за јавните набавки во постапката која се спроведува по огласот за доделување на договор за јавна набавка број **_10199/2020_** за набавка на **Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и држување на македонскиот официјален туристички портал, веб страната Macedonia timeless и хостинг, поддршка и одржување на веб страната** www.tourismmacedonia.gov.mk објавен од страна на **Агенција за промоција и поддршка на туризмот - Скопје** и дека понудата е правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава согласно со член 101 став 7 од Законот за јавните набавки.

Место и датум	Одговорно лице*
Скопје, 15.07.2020	Кети Јоанидис Шекеринова
	(потпис)
	Keti Joanidis Shekerinova — Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova Date: 2020.07.15 12:27:22 +02'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 4 - Листа на доверливи информации

Информации кои се доверливи	Бројот на страниците со тие информации	Причини за доверливост на тие информации	Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи
Податоци за хостинг серверот	3	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот
Податоци за веб страна macedonia-timeless.com	2	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот
Податоци за веб страна tourismmacedonia.gov.mk	2	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот

Електронски потпис _____

Keti Joanidis Shekerinova

Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova
Date: 2020.07.15 12:28:05 +02'00'

Прилог 4 - Листа на доверливи информации

Информации кои се доверливи	Бројот на страниците со тие информации	Причини за доверливост на тие информации	Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи
Податоци за хостинг серверот	3	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот
Податоци за веб страна macedonia-timeless.com	2	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот
Податоци за веб страна tourismmacedonia.gov.mk	2	Овие податоци да се чуваат на сигурно место поради безбедност се препорачува да се води листа на правни/физички лица на кого се доставени овие податоци	Во времетраење на договорот

Електронски потпис _____

Keti Joanidis Shekerinova

Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova
Date: 2020.07.15 12:28:05 +02'00'

Дигитално потпишан од: Sistem za e-potvrdi
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 09.06.2020 во 14:36:27
Издавач на сертификатот: KibsTrust Qualified Certificate Services
Сертификатот е валиден до: 01.05.2021
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

Број: 0818-50/150020200133190
Датум и време: 9.6.2020 г. 14:36:26

/Електронски издаден документ/

ПОТВРДА

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6398286
Назив:	Друштво за компјутерски и интелектуални услуги ТЕРАНЕТ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје
Седиште:	ПИРИНСКА бр.45-1/1 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	62.09 - Останати услуги во врска со информатичката технологија и компјутерите
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Друштвото за компјутерски и интелектуални услуги **Теранет Солуции ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Пиринска 45-1/1-Скопје застапувано од **Кети Јоанидис Шекеринова** во својство на управител ја дава следнава

ИЗЈАВА

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека на Друштвото за компјутерски и интелектуални услуги **Теранет Солуции ДООЕЛ** Скопје во последните 5 години не е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари.

Место и дата

Скопје, 15.07.2020

Изјавил

Кети Јоанидис Шекеринова

Keti Joanidis Shekerinova

Digitally signed by Keti Joanidis Shekerinova
Date: 2020.07.15 14:01:58 +02'00'

Број: 0817-50/150020200133189

Датум и време: 9.6.2020 г. 14:36:24

Дигитално потпишан од: Sistem za e-potvrdi
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 09.06.2020 во 14:36:26
Издавач на сертификатот: KibsTrust Qualified Certificate Services
Сертификатот е валиден до: 01.05.2021
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ПАКЕТ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Содржина:

Лична состојба

- Потврда за стечајна постапка
- Потврда за ликвидациона постапка
- Потврда за изречена споредна казна - привремена забрана за вршење на одделна дејност
- Потврда за изречена споредна казна - трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Потврда за изречена споредна казна - забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
- Потврда за изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија, дејност или должност
- Потврда за изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност
